Ѓурѓевка ДОНЕСКА-ТРЕНЧЕВСКА

# КОРИСТЕЊЕТО НА УЧИЛИШНИТЕ ЕМИСИИ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

## — За некои дидактичко-методски прашања —

Според веќе 50-годишното светско искуство на Радиото како современо наставно-техничко средство, особено според неговото место во денешнава образовна технологија, за чиј развој посебен придонес дава и специјализираната организација на ООН-УНЕСКО, тоа зазема значајно место во образовно-воспитниот процес и во нашата земја, скоро во сите образовно-воспитни области, за сите возрасти, вклучувајќи го овде и перманентното образование — главна состојка на денешново човеково сестрано дејствување во условите на сè поинтензивниот развој на научно-техничката и технолошката револуција, и зависно од тоа на сè поиздиференцираната поделба на трудот.

Училишните емисии претставуваат своевиден составен дел на образовно-воспитниот процес во училиштата и затоа тие се користат најразновидно во остварувањето на образовно-воспитните цели на нашето самоуправно училиште, исто онака како што се користат живиот наставников збор, книгата, картата, цртежот, моделот, апаратите, филмот, дијафилмот, магнетофонот, телевизијата и други наставни средства. Тие како радиофонска целина илустрираат одделни содржини од наставната програма и се задржуваат било на одделни теми од наставната програма или на одделни нејзини области преку циклусно емитување, водејќи сметка да бидат интересни и за другите слушатели, бидејќи Радиото, и покрај своите специјализирани програми, се слуша масовно, секој човек индивидуално го следи. Училишните емисии по историја ја оживуваат наставната содржина, ја разбиваат монотонијата и во многу случаи воспоставуваат директен контакт меѓу настаните и учениците. Тие силно дејствуваат врз емоциите на учениците, врз нивната фан-

тазија и мислење, го збогатуваат нивното знаење и ги развиваат нивните психолошки способности. Според тоа, двете страни во образовно-воспитните области: стекнувањето знаења (материјалната) и развивањето на психичките способности (формалната) наоѓаат единство во изразот на училишните емисии.

Училишната емисија по историја — и покрај тоа што може да претставува дел од часот, вклопен во уводот, како илустрација на новата методска единица, како дополнение при повторувањето на некое тематско подрачје и слично, — претставува и една целина која со својата содржина и воспитува, своевидно проткајувајќи се низ воспитните цели на часот. Таа дејствува врз целокупната учеником личност.

Во процесот на стекнувањето знаења емисиите го илустрираат наставниот материјал и го дополнуваат со нови актуелности. **Актуализацијата** е нивна карактеристична компонента, што во историските емисии доаѓа до посебен израз. Радиото, за разлика од учебникот и од другите помошни наставни средства, ја има таа предност што може најбрзо да ги информира учениците за најновите настани и појави во областа на историјата — да ги соопшти најновите достигања и резултати во научната работа и тоа не само на историската наука, туку и на нејзините помошни науки, што, се разбира, соодветно се вклопуваат во наставната програма. Ова особено се однесува на настаните од **Современата историја:** периодот меѓу двете светски војни, НОВ и Народната социјалистичка револуција во рамките на Втората светска војна и повоената социјалистичка изградба на земјата и воопшто меѓународните настани, со посебен акцент на работата на ООН, а во последниве дваесетина години и **Движењето на неврзувањето**, како значаен историски фактор во зачувувањето на мирот во светот и во извојувањето на слобода и независност на сè уште неослободени земји и народи од сите видови на колонијализам и империјализам. Интервјуата со истакнати експерти на ООН, со раководители и борци на ослободителните армии на сè уште неослободените колонијални народи, чие ослободување на некои е во тек, како што беа емисиите за **Мозамбик, Гвинеја Бисао** и за други, најдобро ни го потврдуваат ова. Се разбира овде не ги запоставуваме новините од истражувањата за другите историски периоди. Во оваа насока помогнуваат и другите историски емисии на Радио-програмата, како и другата радио-програма кога наставникот историчар редовно ги следи, како за своето лично изградување, така и за образовно-воспитниот процес.

Кога емисиите се слушаат на час, со препорака дома, на состанок на историската секција директно од радио-програмата или од магнетофонот (откако претходно е снимена од радио програмата) **пред да се предаде соодветната содржина**, тие влегуваат во фондот на ученичкото знаење и искуство и можат да

се користат како извор на знаења при предавањето на односниот материјал. Овде можеме да ја спомнеме и историската емисија за возрасни **Светлини на минатото**, што најчесто е свртена кон теми од нашата национална историја. При вакви случаи се тргнува од слушната емисија кога се предава соодветен материјал. На пример, се слушала емисија за **Димитрие Чуповски или за Долорес Ибарури-ла Пасионарија**, а утредента се предава за настани поврзани со овие личности. Свежите импресии од овие емисии ќе внесат посебна активна компонента и на интелектуален и на емотивен план. При ова, во зависност од емисијата, може да се развива и да се засилува мотивацијата за учење на странските јазици. На пример, ликот на Ла Пасионарија во емисијата беше предаден преку раскажувањата на советски ученици, чие училиште го носи името на **Долорес Ибарури-ла Пасионарија**, и кои ја интервјуирале оваа истакната жена-револуционер, раководител на Шпанската комунистичка партија, чиј повик „Non passaran“ од познатата одбрана на Мадрид, стои забележан во сите историски документи за Шпанската граѓанска војна, за одбраната на Шпанската република. Активниот однос на реализацијата на емисијата (преводот од руски јазик го направија ученици) уште посилно го нагласува овој момент. Или друга емисија, на пример, од оваа година „КПЈ во револуционерната 1941 на меѓународната сцена“, од циклусот „Од конгресот на обединувањето до денес“, што го емитувавме во пресрет на XI конгрес на СКЈ. Во неа, покрај другите гости, учествуваа и странски историчари, на пример г-н Анри Мишел од Париз, главен уредник на списанието „Втора светска војна“, учесник на V-иот конгрес на југословенските историчари, што се одржа во Охрид, во 1969, специјалист за Движењето на отпорот во Европа и во Франција, кој мошне високо ги оцени мартовските демонстрации во 1941 година во Југославија, од 25 до 27 март, а во преводот учествуваа исто така, најдобри ученици по француски јазик.[1])

Придонесот на овие емисии во етапите на процесот на учење е значаен, исто така. Иако лишени од визуелното во наставата, тие по аудитивен пат ги развиваат перцепциите и претставите кај учениците и тоа особено оние елементи што по својата природа имаат аудитивен карактер. Недостигот од директен (визуелен) контакт се надополнува со повпечатливо дејство и со подлабокото доживување, при што звучните ефекти ја развиваат и ја поттикнуваат фантазијата на учениците, што во етапите на процесот на учење има свое значајно место. Доктор Јован Ѓорѓевиќ на Второто југословенско советување за **Образованието преку радио**, одржано во Херцег Нови, во 1974 година, меѓу другото истакнува: „Доживувањето е едно од

---

[1]) Анри Мишел, зачувана снимка во Документација на Радио Скопје. стр. бр. 4

битните својства и од специфичностите на училишната радиопрограма за што треба да водат сметка како авторите и реализаторите на овие емисии, така и наставниците кои ги користат во образовно-воспитната работа со младите. Познато е дека радиото преку аудитивните впечатоци може да создаде илузија за реалноста, голема непосредност, близина и возбудливи контакти ... Во непосредноста, една од особеностите на радиото, лежи неговиот позитивен, емоционален, воспитен, образовен и особено висок дидактички потенцијал" — нагласува д-р Ѓорѓевиќ.

Емисијата како целина, а со тоа и како дел од часот, низ сето свое траење го истакнува битното и му помогнува на наставникот на што да обрне внимание во дополнителната работа по слушањето, развивајќи притоа иницијатива за творечки однос кон предаваната материја. На пример, да го спомнеме циклусот „Марксизмот и националното прашање"[2]), во кој преку четири прилози се укажа на најбитните моменти во марксистичкото толкување на овој проблем при што се отворија широки можности за творечки однос кон оваа материја. Овде, пред сè, мислиме на корелација во работата на историската и на марксистичката секција или, до колку дозволуваат условите, до корелација на наставата по овие два предмета. Потоа, актуализирање, нивна примена во разголувањето на теориите на разни „марксистички историчари" во некои соседни земји во однос на македонската нација. Можат да се организираат и дебати во секциите во врска со формирањето нови нации по Втората светска војна, како дополнителна работа за последната тема од циклусот „Националното прашање во современата теорија и практика". Слична постапка повлекува и дополнителната работа по слушањето на циклусот „Марксизмот и војните", што се емитуваше цела учебна година 1975/76. Истакнувајќи го најбитното во оваа проблематика, циклусот придонесе врз формирањето правилен став кај младите во толкувањето, во анализирањето и воопшто во сфаќањето на разните воени судири што го проткајуваат нашиов денешен свет и во кои јасно треба да се уочува Појавното и суштинското.

Придонесот на емисиите во зацврснувањето на знаењата и за трајно помнење е мошне значаен. Освен богатството на радиофонскиот израз за ова придонесува и активниот однос на учениците во презентирањето на наставната материја, што аналогно на концепцијата на емисиите, за сродни теми може да организира слична постапка и самиот наставник. Да ги спомнеме емисиите: „Звучно писмо од Карловац" и „Звучно писмо

---

[2]) Марксизмот и националното прашање, заеднички циклус на образовните програми на ЈРТ, емитуван во 1974—75 година: „Маркс и Енгелс за националното прашање", „Ленин за националното прашање", „Народите и народностите во СФРЈ". и „Националното прашање во современата теорија и практика стр. 5.

од Охрид до Карловац“, во кои учениците на гимназиите: „Д-р Иван Рибар“ од Карловац и „Климент Охридски“ од Охрид меѓусебно се запознаа со историјата на своите градови од најстари денови до денес, со посебен акцент на периодот на НОВ и на историските заслуги на личностите чии имиња ги носат гимназиите. Потоа емисиите: „Ослободувањето на Скопје“, реализирана во една класна заедница на матуранти во гимназијата „Цветан Димов“ во Скопје, во 1971 година, во која учествуваа — борци, директни учесници во ослободувањето на Скопје; „Првото заседание на АСНОМ во сеќавања на учесниците“, во IV а клас во гимназијата „Кочо Рацин“ во Титов Велес, гостин Страхил Гигов; „Владимир Илич-Ленин“, по повод 100-годишнината од раѓањето, во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, со успешна корелација меѓу наставата по историја, литература, филозофија, ликовно воспитување, руски јазик и други предмети, „Георги Димитров“, во истоимената гимназија во Скопје, во чија реализација учествуваа и ученици од гимназијата „Георги Димитров“ во Лајпциг, што даде можности за корелација со наставата по германски јазик; „Јосип Броз — Тито“ во истоимената гимназија во Скопје; „ООН и УНЕСКО“, во гимназијата „Јане Сандански“ во Струмица — гости тројца експерти на УНЕСКО, од Париз; „Социјализмот — Светски процес“ во Економското училиште „Борис Кадрич“ во Скопје, гостин Киро Глигоров, разговорот со него беше со забележително учество на учениците во толкувањето на современите светски процеси за што беа организирани повеќе средби со наши истакнати научни работници и новинари кои престојувале во разни земји во светот, беше проучувана соодветна литература и слично; „Маркс, филозофијата и пролетаријатот“, во гимназијата „Браќа Миладиновци“ во населбата Драчево, во Скопје, разговор со д-р Ѓорѓи Старделов; „ООН и правата на човекот“ во гимназијата „Гоце Делчев“ во Куманово, гостин, по звучен пат, на магнетофонска лента, беше д-р Петар Манговски, професор на Правниот факултет во Скопје, и така натаму.

Самата организација на работа, при што се применува групов облик на работа (учениците се распоредуваат во три групи: сценариска, за организација на часот и за изложба) овозможува активен однос во усвојувањето на знаењата што придонесува за трајност во помнењето. Овде да ги истакнеме и нашите искуства со гимназијата „Јосип Броз — Тито“ во врска со одржувањето на традиционалните Барбисови часови[3]) од

---

[3]) Традиционалните Барбисови часови, како соработка на училишната радио програма и на гимназијата „Јосип Броз-Тито“, професорот по француски јазик Даница Павловска, претставуваат корелација меѓу наставата по француски јазик, историја и воспитната работа на класниот раководител и класната заедница. Секоја година се посветуваат на теми што го објаснуваат животното дело на Анри Барбис, посве-

1973 година, во знак на одбележување на 100-годишнината од раѓањето на Анри Барбис, истакнат француски писател, хуманист и афирмиран меѓународен антифашист, па сè до денес, со цел младите генерации, а и сите други, да се запознаат со неговата плодна активност на меѓународен план за афирмација на националните права на македонскиот народ.

Иако емисиите се примаат по аудитивен пат, некои од нив на посебен начин придонесуваат во мошне значајниот елемент во етапите на процесот на учењето — примената на знаењата во практика. За пример ќе наведеме два циклуса со корелативна концепција, реализирани во 1974 и во 1977 година, првиот во пресрет на X-тиот конгрес на СКЈ, вториот по повод 40-годишнината од доаѓањето на Јосип Броз — Тито на чело на КПЈ (СКЈ) во соработка со матурантите на гимназијата „Раде Јовчевски — Корчагин“ во Скопје.

Циклусот од 1974 година носеше наслов „Принципи на дијалектичкото мислење и нивна примена во историјата на СКЈ и воспостави интензивна корелација меѓу наставата по историја, филозофија и логика. Циклусот се обработи во два дела: теоретски и практичен. Првиот ги обработи принципите: Сестраност и развојност, Противречност и единство на постепениот и на скоковитиот премин, Негација на негацијата со својата посебност — критичноста и Принципот на конкретност, автор д-р Митко Илиевски. Разворите за примената на овие принципи во историјата на СКЈ се водеа на часот на класниот раководител (IV а) од што избор од 12 минути се емитуваше на училишната радио-програма. Претходно извршената анкета во која се бараше учениците да наведат примери на спомснативе принципи во природните и во општествените науки, укажа дека примерите од природните науки доминираат, што, сосема, ја оправдуваше поставеноста на овој циклус.

Целиот клас работеше во три групи. Сите ја проучуваа историјата на СКЈ, што во тие денови и се учеше на часовите, така што емисиите доаѓаа пред или по предадената материја по филозофија и по историја. Групите меѓусебно беа во тесна

---

тено на македонскиот народ и на напредното југословенско работничко движење меѓу двете светски војни / допишувањето со Моша Пијаде и слично / Да спомнеме некои теми: „Малата злобна месечина“, прв расказ на Барбис од 1913 година, со тема за Првата балканска војна, во кој првпат ги спомнува *Македонците*; „Анри Барбис — соработник на „Балканска Федерација“ и „Македонско дело“; „Анри Барбис и ВМРО (Обединета), Барбис ја разголува фашистичката ВМРО на Протогеров; „Анри Барбис за Тодор Паница“ расказот „ЛАВ посветен на Тодор Паница“ „Анри Барбис и Моша Пијаде“, „Анри Барбис и Димитар Влахов“; „Даниел Рену и Габриел Пери — соработници на Димитар Влахов и на Анри Барбис во афирмацијата на националните права на македонскиот народ, а во 1980 година, осмиот Барбисов час ќе биде посветен на „Анри Барбис, Георги Димитров и Димитар Влахов како истакнати меѓународни антифашисти. Во Музејот Анри Барбис, во ОМОН, недалеку од Париз предадена е *спомен витрина* од учениците во октомври 1977, а оваа година учениците и го посетија Музејот.

врска и соработка — кон појавите и процесите се приоѓаше комплексно од аспект на секој принцип за да се сфати суштината. По предметот Филозофија се учеше Марксистичката филозофија. Емитувањето на некои прилози, вториот на пример, пред да се предаде лекцијата, овозможи да се примени разговорниот метод при предавањето.

На третиот разговор за принципите: Негација на негацијата со својата посебност критичноста и Принципот конкретност беше мошне живо. Се даде пресек на сите најзначајни конгреси, советувања и конференции и на позначајните развојни процеси. Така и 21 Седница на Претседателството на СКЈ и процесите што ги покрена таа, сè до конгресите (VI-тиот на СКМ и X-тиот на СКЈ) се сфатија како негација на определени наджевеани состојби и девијации, во што субјективните сили имаат значаен удел во расчистувањето на патот за општествен социјалистички самоуправен прогрес, на премин на квантитет во нов квалитет, наведувајќи го новиот Устав на СФРЈ, определувајќи ги разните етапи на самоуправниот развој кај нас. Присуството на стручниот консултант Никола Чинго на сите три разговори помогна појасно да се истакне марксистичкиот растеж на ставот на КПЈ (СКЈ) спрема македонското национално прашање, што посебно беше осведочен во текот на НОВ и Народната социјалистичка револуција, за која Ленин вели дека е „Чистилиште од буржоаскиот национализам“, за жал, и денес, присутен во некои соседни комунистички партии.

Педагошките ефекти од ова можат да се назрат и во искажувањето на професорката Марија Вандевска во специјалниот прилог за овој циклус „Наши разговори“. Таа истакна: „Се збогатија моите размислувања во изнаоѓањето разновидни форми на часовите за утврдување на материјалот, посебно во практичното поврзување на теоретските знаења од марксистичката филозофија со примери од историјата на КПЈ и СКЈ, од нашата општествена самоуправна стварност, денес. Учениците, пак, ги поттикна да размислуваат за секогаш актуелната улога на субјективните сили за победа на социјализмот во едно општество, за решително негирање на теоријата за автоматизам во социјалистичката изградба, кој ја потценува идејно-водечката и раководна улога на СКЈ. Учениците имаа можност да ги согледаат и објективните и субјективните тешкотии на овој план“.

Циклусот од 1977 година се состоеше од три дела. Првиот ги повтори веќе споменатите Принципи на дијалектичкото мислење. Вториот, под наслов, Дијалектичката историски творечка мисла и акција на Тито во развојот на КПЈ и СКЈ, преку десет прилози се задржа на најзначајните етапи во развојот на Партијата од 1937 година до денес. Учеството на наши истакнати научни работници и првоборци ја овозможи радиофон-

ската автентичност. Третиот дел го реализиравме со учениците кои редовно го следеа циклусот и тој носеше наслов „Што ме восхитува во Титовата дијалектичка историски творечка мисла и акција“ од три прилози. Нивните наслови: „Автентичната самостојност — основа во марксистичкото дејствување; „Перспективноста — суштински белег на комунистот“ и „Против стихијноста — за постојано револуционерно дејствување на субјективните сили“, ги откриваат целите на циклусот, како и резултатите од оваа зафатна, корелативна дејност.

## Улогата на наставникот и на учениците во користењето на емисиите по историја

Наставникот претставува важен субјективен фактор од чие залагање, иницијатива и творечки однос спрема наставата зависи и успехот на приемот на емисиите. Може да се направи добра програма и да се објави на време, но ако наставникот не ја вклучи во образовно-воспитниот процес, ако самиот не се подготви и ако не ги подготви учениците за ова, ако не организира творечка дополнителна работа, ако не ја поврзе емисијата со другите наставни средства и со другите образовно-воспитни области, она што се објавило не ќе го даде бараниот, односно очекуваниот ефект. Емисијата никогаш не може да го замени наставникот и таа не ја намалува неговата улога, туку, напротив уште посилно ја нагласува. Психопедагошкиот ефект е многу посилен при организираното слушање отколку при пасивното индивидуално следење, кое воопшто нема да стане предмет на образовно-воспитна работа со младите. Активниот однос на учениците спрема емисиите се гледа и во нивното учество во подготовките за слушање, во самиот процес на слушањето и по него.

Редовното користење на емисиите тесно е поврзано со редовната информација за Програмата на училишните емисии што се објавува за секое полугодие, значи, двапати годишно, во „Просветен работник“ со куси тези. Со оглед на огромните искуства во светот на овој план, оваа публикација е мошне скромна. За ова, секако постојат финансиски причини, што, најчесто и го стагнираа или го развиваа публикувањето на Програмата, што во изминативе 25 години, забележа еволутивен пат, со подеми и со успони.

Програмата се подготвува во циклуси и по одделни наслови, водејќи сметка, се разбира според можностите, да се совпаѓа и со наставните распределенија. Во средните училишта, како што ни е познато, не може секогаш најидеално да се усогласи, зашто постојат разновидни училишта, потоа и повеќе насоки, во кои, во зависност од концепцијата на насоката, исто-

ријата е застапена во поголема или во помала мера. Затоа искуствата укажуваат дека најдобро е емисиите првин да се преснимуваат на училишните магнетофони и касетофони, потоа, според потребите да се користат во најсоодветно време. При отсуство на такви технички средства, учениците на време се информираат за емитувањето на емисиите, ги слушаат дома, си забележуваат некои моменти и откако и наставникот ги слушал, соодветно се применуваат во образовно-воспитниот процес. Значи, информацијата е многу важен елемент во овој процес. Таа е присутна и во посебни емисии на радио-програмата: „Програмски информатор", секој ден во 15,20 часот и во седмичната емисија „Вие и нашата програма", секоја сабота во 13 часот, на Првата програма на Радио Скопје.

Користењето на емисиите е разновидно — некогаш целосно, некогаш одделни делови, во зависност од наставниковата режиска концепција на часот. Учеството на истакнати личности, на пример делегати на Второто заседание на АВНОЈ, членови на странските воени мисии при нашиот Врховен штаб или при нашиот Главен штаб, делегати на Првото заседание на АСНОМ, автори на познати историски романи и хроники (Жан Касу „Париски колежи" со тема од Париската комуна и други) овозможуваат и училишниот историски кабинет да се снабди со вредни звучни документи. Досегашната радио програма понуди многубројни примери за ова.

Третото Југословенско советување на тема „Местото и улогата на радиото во реформирањето на воспитувањето и образованието", од 1978 година одржано во Охрид, посебно го нагласи проблемот на снимањето на образовните емисии на магнетофонски ленти и на касети за училишните кабинети. Драгољуб Васиќ, дипломиран инженер, изнесувајќи ги искуствата на СР Србија сугерираше преснимувањата да се вршат директно од радиоапаратот, а не преку микрофон, и тоа од кратка бранова должина, не од средна, зашто квалитетот е многу подобар. На овој начин наставникот може за иста тема да користи повеќе наставни средства, со емисијата, на пример и соодветен наставен филм, дијафилм и слично. Ова уште еднаш укажува на големата и значајна улога на наставникот во користењето на емисиите во наставата, што посебно беше нагласено и на Првиот, и на Вториот и на Третиот меѓународен конгрес на едукативните радио и телевизиски емисии, одржани во Рим, во 1961 година, во Токио 1964 и во Париз 1967. Како што е познато, овој феномен современата дидактика денес посебно го нагласува.

Преснимувањето на емисиите го ублажува проблемот на публикацијата, што, сè уште е отворен, бидејќи списанието „Радиоучилиште", што излегуваше само 2—3 години, поради материјални причини престана да излегува. Целосно запознаен

со содржината и со реализацијата на емисијата, што наставникот ја има веќе во својот кабинет, тој најцелесообразно ја користи: на час, на состанок на историската секција, на класни или на училишни свечености, на часот на класниот раководител, кога емисите се посветени на разни јубилеи и така натаму. Репризирањето на училишните емисии, во 15 часот, на Втората програма на Радио Скопје, секој ден, освен сабота и недела, премиерата е во 8,02 часот, го олеснува преснимувањето, а дава можности да се слушаат од сите ученици и наставници, дома, со препорака, доколку ова не можело да се организира и воопшто да се оствари на училиште. Така и училиштата што немаат магнетофони и касетофони можат да организираат користење на емисии.

Наставникот по историја може да ги користи и другите историски емисии на Радио програмата: Светлини на минатото секој понеделник во 17,02 часот, „Деновиве пред години" секој ден во 6,50 часот, емисијата „Сведоштва", секоја недела во 9 часот, потоа историските рубрики во емисиите за нашите сонародници во странство, секој вторник во 20 часот и други, особено од актуелната информативна програма, по повод разни јубилеи и свечености посветени на наши значајни историски годишнини.

Ќе завршиме со констатацијата дека улогата на наставникот не е намалена туку зголемена и затоа е потребно и соодветно материјално наградување за да стане користењето на емисиите секојдневен дел од нашата практична педагошко-методска дејност, што, всушност, е во духот и на оживотворувањето на Законот на здружениот труд.